СЛАВЧО КОВИЛОСКИ

# БАРУТНА ПОЕЗИЈА

(второ издание)

БРАН
Струга
2018

Библиотека: Ризници
Македонска современа поезија
Награда: „Јован Котески“ за 2015 година

Славчо Ковилоски
БАРУТНА ПОЕЗИЈА
(второ издание)

*Издавач*:
Културен центар „Бран“ и
Ревија за книжевност „Бранувања“

*За издавачот*:
Петко Шипинкаровски

*Уредник*:
Мишо Китаноски

*На корицата*:
Pietà од Микеланџело

*Техничка обработка*:
С. К.

*Печат*:
Дизајн и принт солушн студио „МАВРОСКИ“

*Тираж*:
150

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1

КОВИЛОСКИ, Славчо
Барутна поезија / Славчо Ковилоски. - 2. изд. - Струга : Бран, 2018. - 66 стр. ; 17 см. - (Библиотека Ризници. Македонска современа поезија)

Растајнување на поетскиот барутен арсенал / Звонко Танески: стр. [58-62]. - Награда "Јован Котески" за 2015 година

ISBN 978-608-4640-40-0

COBISS.MK-ID 107003914

# БАРУТНИ ПЕСНИ

## ЛУЃЕ СО ПУШКИ

Ни рекоа, станете, треба да дојдете со нас,
ќе го освоиме светот со љубов и со смеа,
ќе јурнеме силно напред, ќе викнеме на сет глас,
а надвор сал’ мртви тела беа и нивна реа.

Ќе се сликаме над нив, исто како на сафари,
Победници - победени сме сите, збрани на куп.
Важно е само како во џеб да се стават пари.
Не можев да заспијам, до мене гние скапан труп.

Ни рекоа, ќе се борите со цвеќе, со вера,
нè пуштија напред, низ камење, дрвја и сушки,
во први редови, насмеани, денес и вчера,
одевме мирно кон нив, а пред нас - луѓе со пушки!

# ДРВЕНИ ВОЈНИЦИ

Мали дрвени војничиња го освојуваат светот,
а јас сум нивниот генерал.
Кога ќе ја извадам сабјата, наредувам напад,
свирам гласно со металната труба
и тропам на барабанот.

Ги распоредувам трупите, на лево и на десно,
коњаниците бесно фрчат,
додека артилеријата ја оставам во заднина.
Моите потчинети, поручниците и десетарите,
се најпослушните војници
што некогаш можат да постојат.

Кога ќе ја извадам сабјата и ќе наредам напад,
знам дека е дојдено времето за битка.
Но, сепак, нема ниту истрели, ниту борбени
извици,
бидејќи тоа се дрвени војничиња,
а како што знаеме, тие се обични предмети
што не се движат.

## ГРАНИЦА

Небото е границата.

Се борам со себе
дали да го дофатам со врвот на прстите
или да го оставам на мир.
Моќта и парите ми ги отвораат вратите,
криминални мисли ми ги грицкаат душите,
ги јадам последните залачиња на она што остана
од вчера,
а патот само ми се стеснува,
сè пошироко и пошироко.

Се претставувам како господинот од Недојдија,
додека ме решетаат туѓите погледи кои ги читам
како велат:
од каде ли дојде овој човек?
Знам дека сакаат да бидат како мене.
Два пиштола и еден нож,
исечени вени и распаран стомак.

Пишувам автобиографија,
ода за најдобриот, ода за лудоста,
стихови за последното решение,
песна за бруталноста,
мудри мисли за оние кои доаѓаат.

## КРСТ

Тежок ми е крстот, Господи,
ќе ми падне од рамењата,
ќе те изневерам.
Тешки ми се клинците во твоите нозе и раце,
ме болат трњето на твојата глава.

Небото е твое, Господе,
дали гледаш дека ми се лизга од рацете
и последната солза од мајчините очи?
Немоќен сум да ја задржам и неа,
ми пролизгува низ дланкиве,
попат се суши, се губи.

Тежок ми е крстот, Господи,
чувствувам дека не го додржувам,
се плашам дека ќе те изневерам.
Твојата сила добро ќе ми дојде,
да не те предадам тебе,
а и себеси.

## ЗА ЕДНА СМРТ

На телевизија кажаа за една смрт,
една душа заминала на небото.

Кажаа на телевизија и за едно раѓање,
нов живот дошол на светов.

Кажаа и за убиецот од градот С.,
доживотно во затвор.

Прочитаа за неговиот живот,
за жртвата не споменаа збор.

Телевизорот ечи гласно, комшиите гледаат,
комшилукот разбра за сè.

На телевизија кажаа за една смрт:
збогум животе, добро ве најдов ангели.

## НЕМА ВЕЌЕ ПАРТИЗАНСКИ ПЕСНИ

Нема веќе партизански песни, пријателе,
нема химни, ни хорови.
Го нема другарот Тито,
ни Черчил, Рузвелт и Сталин.
Англија не стана земја пролетерска,
Америка уште помалку.

Нема веќе партизански песни,
нема ни титови пионери,
онака, подврзани со црвените марами
и со титовките.
Нема ни штафета на младоста,
никој не го споменува Бошко Буха.

Нема веќе партизански песни, пријателе,
умреа заедно со една држава.
Партизаните се испоклаа меѓусебе,
се родија копилиња на војната
(си ги заебаа мајките),
се намножија глувците, мачките и кучињата,
па се ловат едни со други.
Велат, денес владее демократија, онаа
вистинската.

Нема веќе партизански песни
пријателе мој...

## ОВА Е ТОА

Ова е времето кога дојде време,
ова е сонот кој што го посакувам,
ова е вистинскиот час за акција,
ова е убавината на мојот живот,
ова е мојата земја, моето небо,
ова е мојот живот, ничиј друг,
ова е надежта со која живеам,
ова е сонцето што ми дава сила,
ова е месечината што ме покрива ноќе,
ова е моментот на вистината,
ова е жената што ме извлече од мракот,
ова е тука, денес и сега.

Ова е времето кога дојде време,
ова е вистинскиот час за акција,
ова е мојата земја, моето небо.

## САМО ГОСПОД МОЖЕ ДА МИ СУДИ

Ми судат секој ден,
секој час,
секој миг ме осудуваат за сенешто,
небаре јас сум крив за солзите и страдањата.
Ми судат за тоа што сум,
за мојата душа,
за моите соништа и идеали,
за мојот живот,
за мојата верба,
за мојата надеж.

Кој е тој што ме прогонува,
што ме брка далеку од мојата земја,
што проповеда љубов, а шири омраза.
Чија рака ми ја толчи иднината...

А сепак ми судат на мене,
еден куп на нелуѓе,
на смрдливо месо,
на нечиста крв.
Ми судат за сенешто,
невистини и лаги околу мене,
пријатели-непријатели.
Што сум згрешил ќе платам,
но што згрешиле, дали ќе платат?

Само Господ може да ми суди.

## ПРАШИНКИ ВО ВЕТРОТ

Тие,
спроти нас.
Ние,
спроти нив.
Го помниш ли тоа утро
Марко,
кога сите стоевме така,
едни спроти други?

Тие,
со крвје на усните,
ние,
со милоста Божја.
Го заборави ли тој ден
Лука,
кога чавките кружеа над нашите глави,
силно гракајќи?

Тие,
со безумен шепот,
ние,
со пролет во градите.
Дали имаш зборови
Јоване,
да го опишеш со зборови
тоа што не се опишува?

Тие,
деца на јавачите со коњи,
ние,
река што сака да тече без престан.
Дали ти е јасно што се случува
Петар,
дали можеш да им раскажеш на своите деца
дека ние сме прашинки што ветрот ги носи?

## ПАТ

Меѓу ѕверови сум, Господе,
меѓу оган и кал, само пустош околу мене,
се скриле демоните зад ангелски лица
ме искушуваат, ми забиваат ножеви зад грб,
ме притискаат и ме залажуваат
со празни зборови и празна надеж.

Јас сум ѕвер, Господи,
лажен сјај сум во очите на најмилите,
пекол сум за нивните души, суша сум.

Дај ми спокој, Господи,
дај ми да се напијам од водата
бидејќи сум пустиник и сум жеден.
Дозволи ми да ги натопам распуканиве ми усни,
покажи ми го патот.

Меѓу ѕверови се движам, Господи,
меѓу неверници и маски кои зборуваат.
Сам ли сум, сам ли да продолжам...
Да го свртам образот
или да ги раскинам со заби?

## ИСТОРИИ

Јас сум дете на воздухот,
Из'ртено од земјата,
напоено од росата,
бескрајна Вселена
што се простира пред очите.

Јас сум извор на небото
што гледа кон иднината.
Недогледно пространство
што заплашува,
ете, тоа сум јас.

Чии корени ги наводенува
тажното лице,
кога сонцето свети еднакво за сите?
Неверојатни истории.
А велат, судбините
самите си ги создаваме.

## БАРУТ

Сакам да се исплачам, мајчице,
сакам да се исплачам силно, на глас,
на твоето рамо, на твоите нозе,
но ниту глас, ниту солза во мене нема.

Како дете што бара правда сум,
како снегулка што се топи на сонце.

Пелин ми е устата, трње ми се рацете,
безбојно тело без право на глас.
Каде се ѕвездите што светеа ноќе
и немо, ги набљудував, легнат на земја.
Како вчера да беше,
а денес се сторил век.

Ги слушам тапаните, а нив ги нема,
го слушам кавалот, а тој е тивок.
Морници ме лазат од тишината
и сакам да заплачам ко дете.
А времето на вратата чука.

Сакам да се исплачам силно, на глас,
не ми е срам.
Маж што плаче со згрчено лице.
Сакам, но на лицето само пепел и прав,
барут што чека да екне секој миг.

## ПЕЧУРКИ

Кога на небото видов две печурки,
помислив дека станува збор за привидение.
Тие се извишуваа високо над мојата глава,
како да се најобични плодови,
кои, за чудо, необично пораснале.

А, чудна работа се тие, печурките.
Велат, не се јадат сите.
Се одгледуваат во посебни простории,
им треба нужно внимание.
Ги има и диви, во планините.

Двете печурки, за кои стана збор,
изникнаа во земјата на штрковите,
право од таму.
Кога ми кажаа дека однеле
илјадници човечки животи,
не знаев дека можат да бидат толку отровни.

Оттогаш, не ги сакам нивните одгледувачи.
Еден  ден, се плашам,
ќе нè затрујаат и нас.

**КРИВ**

Мајчице,
не тагувај што надвиснале зла,
што грижи потемнеле чела
како никогаш досега.
Вслушај се во длабочините на твојата крв,
оддели го доброто од тешкотиите,
бидејќи зборовите кажани
се безвредни
кога срцето поинаку говори.

Слушни ме, душице,
чуј го мојот крик.
Тоа земјата зборува од мене,
како дар за горките солзи,
како утеха за болките.

Дали си тука да го чуеш мојот глас,
учителу мој, моја вистино.
Каде залутав по беспаќето, каде се изгубив,
чии коски сега глодам,
од чии мисли се задојувам
та пред мене само камен и пустини,
со голи раце да си ги раскинувам градиве,
со пепел на усните.

Се прашувам честопати,
кој го извади семето што корен станува,
кој ја затру почвата со гнасилишта,
па ништо не никнува.
Кој ли е крив...

# ПРЕДИЗВИК III

Барам предизвик во сенешто,
барам кога го нема,
а кога е тука, се справувам со него.
Барам јунак над јунаците
да ми се спротивстави,
барам војска недогледна
за да ја поразам.
Барам предизвик по мерка,
те барам тебе:
ќе те најдам ли?

# КОМПЈУТЕРСКИ ПЕСНИ

**МОЈОТ ЖИВОТ**

Мое - твое, комунизам до даска, капитализам без
врска,
транзиција без крај, приватизација без капитал,
Маркс без Енгелс, бирократ до олигарх,
топлотен удар и поларна зима, озонска дупка и
Антартик без мраз,
поплава од Вардар и Пелагониски припек,
двокатни автобуси што смрдат на кромид и пот.

И:
факултет на кредит, докторска на кредит,
автомобил на кредит, стан на кредит,
бојлер на кредит, телевизор на кредит.

А:
леб на картичка, мастики на картичка,
пиво на картичка, сок на картичка,
бензин и нафта на картичка,
сметки на картичка.

И уште:
автобуска карта во кеш,
чистење чевли во кеш,
семки и сончоглед во кеш,
букет цвеќе во кеш,
бакшиш во кеш,
курва во кеш.

Но:
дишење воздух без пари,
пиење вода од јавна чешма без пари,
јавно ве-це без пари,
прошетка покрај кејот на реката без пари,
малтретирање од шалтерската службеничка без пари,
мижење без пари.

Ете, таков е мојот живот.

## ДЕЖА-ВУ

И уште еднаш како дежа-ву:
ти повторно ме лажеш,
а јас повторно ти верувам.

## ЛОШИ ВРЕМИЊА

Дојдоа лоши времиња, сине.
Небото е матно,
а сонцето го нема.
Ох, какво клише, ќе речеш ти, синко,
секогаш времињата биле лоши.
И нема да знам што да ти одговорам тогаш
кога нема да имам некој денар во џебот,
туку ќе ми се мотка само расипаниот iPod
низ испуканите раце.
Ах, што си старомоден, татко,
ќе ми речеш ти потсмешливо,
фрли го веќе еднаш тоа ѓубре
од пред еден милениум
и фати се за работа,
со носталгија ништо нема да направиш.
Да, ќе ти одговорам тогаш,
во право си синко,
навистина не знаеш што се тоа
лоши времиња.

## **КОНЕСКИ**

Каде исчезна Конески
во овој бетонски град
кој живее за туѓите животи
и ја јаде туѓата храна?

Везам тешка песна.
Со црн и црвен конец везам.

Го посетив Небрегово вчера,
а таму ме пресретнаа само кучињата.
Онаа компјутерска поезија
попат се издиша како дупната гума.
Ама не како дупната гума...,
како расечена гума се издиша
онаа компјутерска поезија.

Младото момче од конзулскиот град
се помоча в гаќи
објаснувајќи ја потребата
што побрзо да ја заборавиме везилката.

Каде исчезна Конески
во ова магливо утро
додека мудро ги допираме копчињата
од нашите ултрамодерни компјутери?

## ЧУДОВИШТЕ

Сè што допрам уништувам,
бегајте од мене.
Јадам мали деца, плашам возрасни,
јас сум чудовиштето од морето
што потопува чамци и бродови.

Имам огромна уста исполнета со заби
какви што досега немате видено.
Имам големи уши и очи:
сè слушам и сè гледам,
ништо не може да ми избега.

Кога одам по земјата оставам траги,
кога пливам на површината на морето
правам неверојатни бранови.
Грд сум и постојано лаком,
им пречам на сите, ама што ми е гајле.

## ЏЕМОТ ОД БАБА ТИ

Се задушувам во ноќнава тишина;
ти ме задушуваш со твојата тивкост.
Го гледам само џемот од малини
како се пењави,
мувлосан,
а не помислувам да го фрлам.

Ми рече: џемот е од баба ми,
а јас реков: навистина е така;
не ти признавам
дека не ми е грижа за баба ти,
туку дека замислувајќи го тоа вкусно нешто
те гледам тебе:
слатка
вкусна,
прсти да излижеш.

2006

## ПЧЕЛИЧКА

Го живеам денот,
а ја преживувам ноќта.
Ми подари едно малечко нокте,
а ми донесе еден голем немир.

Како тивка река сум
што ја разбранувала пчелата.
Моќта ја кријам под површината
и како да не го забележувам присуството
на малата пчела,
но сепак, таа е тука.

Го живеам денот,
а ја преживувам ноќта.
Ми подари едно малечко нокте,
а ми донесе еден голем немир.

Оваа мала пчеличка навистина збеснала.

## ДЕТСКА ПЕСНА

Гордо чекориме
со Тито се бориме,
еци пеци пецки
јас ти ставам рецки,
кукавицата кука
Хитлер да испука,
а бре Македонче
слатко ‘ко бомбонче,
каде се спремаш
пушка в раце земаш,
слобода нè чека
доаѓаме ‘ко река,
ќе одиме на Сремот
е тука е проблемот,
кој на Солун сака
ќе му биде мака,
татковина се брани
баш од сите страни,
ени мени сени
кој носи пелени...

Ти бркаш!

## ПЕСНА ЗА КРАЛЕ МАРКО

Марко од Прилепа, ој, Марко Кралевити,
ти со мадлаците растресени, о ти Марко,
каде ти е младоста,
каде ти се годините,
та не можеш да потстанеш
да нахраниш бела коња и добиток,
да изораш ширно поле, да насееш,
градина да насадиш,
да истераш црни облаци, да растераш,
да подмачкаш бела сабја и мечеви,
да народиш деца и внучиња.

О, ти, Марко,
сал' си заседнал пред телевизирот,
играш игри и гледаш на You Tube,
слушаш музика на слушалките од соседите,
со Jack Daniels се наливаш,
а серверот ти кочи, ли кочи;
си настегал 1.000.000 терабајти на USB-то,
и си накачил 50 килограми вишок.
Така ли земја ќе ораш,
така ли земја ќе чуваш,
така ли со Црна Арапина ќе се бориш,
така ли лебче ќе носиш дома,
така ли деца ќе чуваш?

## МИ ТИ СЕ КУНЕМО

Друже Тито, ми ти се кунемо
(Другар Тито, ние ти се колнеме)
да са Твога пута никад не скренемо
(дека од Твојот пат никогаш нема да скршнеме).

СХС,
КрЈ,
НРЈ
СФРЈ,
у п. м.

## КУЧКИН СИН

Кучкин сину, ти ли ќе пишуваш поезија?

)Поезијата е прекршениот облак,
смогот што силно блеска,
коритото што пее
и рибата што мука(.

Кучкин сину, ти ли ќе пишуваш поезија?

)Стиховите треба да бидат рамномерни,
треба да имаат рими,
треба да се читаат само во затворени соби,
и никој не треба да ги разбира(.

Кучкин сину, ти ли ќе пишуваш поезија?

)Не смее да се вдишуваат песните,
не смее да живеат и да болат,
не би требало да бидат лични,
и не требало така натака(...

Кучкин сину, ти ли најде да пишуваш поезија?

## КАКО ПОРАНО

Не си иста како порано,
не ме допираш на истиот начин како порано.

Не ме бакнуваш исто како порано,
ме нема често во твојот дом.

Не се смееш веќе исто на моите глупирања,
не те допирам на истиот начин како порано.

Не ме гушкаш како порано,
ме нема во твоите очи повеќе.

Не ме чувствуваш како порано,
не те наежува повеќе мојот здив.

Не си иста како порано,
не сум ни јас повеќе истиот.

## **СТРАНЕЦ**

Сам сум во туѓиот град.
Никој не ме забележува,
никого не забележувам.
Како да не постоиме
и јас и тие.

Чекорам низ улиците
полни и преполни со луѓе.
Надвор времето е темно, мрачно,
прокапуваат некои капки дожд.

Скитам низ градот
што се распослал широко - широко.
Тивки се овие денови,
тивко е и во Големата куќа.
Мир и тишина.

Сам сум во туѓиот град,
исто како и илјадници други странци.

Се снајдувам некако.

Тоа преку ден...

Ноќите ми се проблем:
не можам да заспијам.

октомври, 2006
Софија

## ДРУГА ДЕТСКА ПЕСНА

Урче дурче курче
се избоцкав на журче,
млада партизанка
пушку носила...

Еден, три, па двечки,
паднав на главечки,
Oj Козаро, oj, oj Козаро,
златно лишче имаш...

Уфче дуфче туфче
кој си најде крувче,
фашистите да горат
бомбе бацала...

Број до сто!

**БИ САКАЛ ЕДЕН ДЕН, СИЛНО ДА ГИ ИСТЕГНАМ РАЦЕТЕ, ДА ГИ ИСПРУЖАМ НАЈМНОГУ ШТО МОЖАМ, ДА СЕ ИСПРАВАМ НАЈВИСОКО ШТО МОЖАМ И СИЛНО ДА ИЗВИКАМ НА ГЛАС, СИТЕ ДА МЕ СЛУШНАТ: ЈАС СУМ НАЈСРЕЌНИОТ ЧОВЕК НА СВЕТОТ!**

Ете,
толку сакав да кажам.

# ПЕПЕЛНИ ПЕСНИ

## СТАРЕАМ, МИЛО

Стареам, мило,
чувствувам во коскиве.
И мисливе веќе не ми се јасни.
Сакам да трчам, но не можам.
Сакам да пеам, но немам глас.
Сакам да го пропешачам светот, но веќе немам сила.

Изморен сум, мило,
без волја за кас.
Ми се затвораат очиве, а ден е,
ми се тресат рацеве, а не држам ништо.
Еј, барем роб да бев на господарот мој,
па ќе морав да станам,
ќе морав да одам и да бидам буден.

Стареам, мило,
но не е крај на светот.
Со милоста Божја ќе наполнам душа,
за да можам поубаво да гледам,
да играм, да слушам, да пеам.

## КОГА ПТИЦИТЕ ПЕЕЈА, А НИКОЈ НЕМАШЕ ЗА ДА ГИ ЧУЕ

Убаво беше тогаш времето, сончево.
Овоштарникот беше се обрастил со тревки,
боливач, кантарион, киселец
и од она, дивоно лозје.
Таму некаде на крајот беа изникнале
неколку афионови стебленца.

Сам бев тоа попладне, сам шетав.
Таму далеку во планините
се забележуваа неколку облачиња,
но не ме плашеа,
па, ова сонце никој не го потиска од небото!

Празнотијата на денот ја чувствував на плеќите,
празнотијата во очите ми будеше сеќавања,
разни,
за дедо и баба, за мирисот на баницата,
за камените куќи и за плитарите.

Убаво беше тогаш времето,
сонцето беше се искачило високо, високо.
Ги слушав птиците како пејат,
но немаше никој друг за да ги чуе.

## БЕЛО ЛЕТО

„Веќе ни лебдеше на усните душата,
На јазикот се пластеше пелин“
(*Немаштија*, Јован Котески)

И веќе секнаа дождовите, а сушата дојде,
ги гледавме птиците како бегаат од тука
бидејќи лебот го немаше во нашите усти.
А старите, се крстеа и си поплукуваа в раце
колку да ги истријат испуканите дланки.

Само прав на патот
и јанѕа во душа.
Господе Боже,
нека нè расветли подобар ден!

Заминаа и мравките и штурците,
заминаа и говедарите и скакулците.
Исчезнаа облаците,
ни вода за солзи не се прибра.

Првиот страв од беда се вгнезди во срцето,
првиот страв за животот,
за кутрите мали душички.

И веќе секнаа дождовите, а сушата дојде,
ги гледавме птиците како бегаат од тука...

**ПРИПЕК**

А беше припекло мајчиното,
само синило над глава,
ни ветре, ни бутур, ништо.
Оданде, планинине се надвишуваат,
од зад грб само рамно поле,
житото таман за жнеење,
тутунот фатил некое болештиње,
а боливач на секој чекор.

Старине, се подзатскриле од сонцето
и со бастунине в раце молчат.
Шаркаат по земјата неразбирливости,
фигури и букви.
Немштина, беше рекле одамна,
немштина го зафатил денот, немштина.
Од утре ќе заврне,
ќе се разлади веков.

Вранче,
26 јули 2006

## ЗНАЦИ ОД НЕБОТО

Бел камен, црн камен.
Посна земја, каловина.
Плитар и трева,
боливач за чајче.

Правлив пат, надалеку.
Штама и тишина.
Поглед-недоглед.

Кисело е грозјево,
мали се дечињата.
Топло е времево,
кротки се жетварите.

Викот нечуен.
Гласно спиење.
Знаци од небото.

Вранче,
26 јули 2006

## РАЈ

Дали ќе зачуваш место за мене
ако рајот се наоѓа пред тебе,
дали ќе заминеш сама
или ќе ме поведеш со себе?
Ако рајот ти е на дофат од рацете
дали ќе го зграпчиш цврсто,
дали ќе се завртиш назад,
дали ќе влезеш низ рајските порти
без да се збогуваш со никој?
Кога рајот би се нашол пред твоите очи,
дали би ме видела мене,
дали јас би бил твојот рај
или тоа би била само бесконечната светилина и спокој?
Што би направила кога би имала можност
да заминеш во рајските градини
без да му кажеш збогум на тој што го сакаш?

Ако рајот ти е на дофат од рацете,
дали ќе го зграпчиш цврсто,
дали ќе заминеш сама
или ќе зачуваш место и за мене?

## ДЕСЕТ ЖИВОТИ

...и уште еднаш,
чувствувам како да сум проживеал десет животи,
како да сум препливал десет моришта,
како да сум се искачил на десет планини
и чувствувам како десет ножеви
ме бодат во градите.

Ај, немир во душава
ме влече по улиците и в сон ме прогонува,
па сакам да ги закопам негде тие десет животи,
да не ме болат,
да не ми ги кинат месата
и да не потсетуваат на десетици векови
кои сум ги одживеал во еден здив.

Чувствувам како да сум проживеал десет животи
и чувствувам како силно ме болат,
па сакам да престанат да ме клукаат по главата,
да ми го одземаат здивот.
Но, убаво рекол некој поет -
ако не боли, значи не си живеел.

13 октомври 2010,
Скопје

## ВТОР РАЗГОВОР СО ГОСПОЃИЦА Н.А.

Госпоѓице, како сте во ова магливо утро,
кога сонцето го нема да блесне.
Дали ви пристигнаа ружите
што вчера ви ги испратив на вас?
Да, јас бев, јас ви посакав пријатен ден,
само не знаев какви ги сакате, дали црни или бели,
па затоа се осудив да ви испратам два букети,
едниот полн со нежност, а другиот со страст.

Се надевам дека се сетивте на мене,
неколкупати се имаме сретнато на забавите
што ги организираше вашата тетка.
Таа сака да ги вика жур,
а јас немам ништо против тоа.

Госпоѓице, ќе повторам, вие сте фантастична.
Јас вашиот парфем го чувствувам на километри,
Ве здогледувам меѓу илјадници.
би можел со врзани очи да ве препознаам,
а како, о!, си имам јас мои начини.

Извинете што сум толку мелодраматичен,
простете што можеби ви здодеав со мојот говор.
Јас само сакав да Ве прашам,
ќе сакате ли овој танц да го изиграте со мене?

## ДИВО КУЧЕ

Вијам во себе како диво куче фатено во стапица.
Гората ми е претесна, а немам веќе сила,
само вијам на цел глас: во себе.
Не сакам да ме чуе никој.
Не сакам да вознемирам никого.
Фатен во стапицата која ја поставил ловецот
пред повеќе години,
ги сонувам огновите за Божик,
ги сонувам стапалките во снегот
и ги сонувам ѕвездите што паѓаа едно лето,
кога се обидував да летам.

Ги кршам гранчињата пред мене и ги кинам со забиве
на кои непцата веќе се раскрвавиле од немоќ
да го одгризат големиот залак.
Доцна е ноќва за песни,
а рано е за бакнеж од сончевата убавица.
Вијам како диво куче, а се плашам од волците.
Срцево ми се стопило како никогаш досега,
целам кон измислената вистина,
сакајќи да ја заборавам вистинската измама.

Штурче,
свири ми на увото,
остануваме сами заедно вечерва,
еден до друг.

## О, МИЛА И О, МИЛИЧОК

О, мила,
ти, што ги засенуваш ѕвездите,
ти, што грееш посилно од сонцето,
ти, што знаеш како бран морска вода
да ме заплиснеш и однесеш
длабоко во морето,
ти, душице, каде го скри,
каде ли го скри моето име...

О, миличок,
знаеш да кажеш,
твоето име е во мојата душа,
твоето име е во мојот здив,
твоето име е во моите пори,
за да бидеш во мене,
не ти се потребни ни милион долари,
не ти се потребни ни сабји ни огнови,
а не ти е потребна ни оваа твоја
глупава поезија.

## КАКО СЕ ЉУБИ ЕДНА ЖЕНА

Како да љубиш една жена,
како да ја вкусиш, да ја допреш,
до сржта да ја протресеш,
за да биде твоја и само засекогаш?

Како се љуби една жена што сака да биде љубена,
што сака да биде единствена,
што сака да и’ подариш цвеќе и душа,
вистински да ја опиеш само со благ збор,
со нежен здив над увото,
со насмевка во срцето?

Една жена, се испива како вино,
се возвишува до небеса,
се налева со вода како цвеќе,
се чува да не измрзне од студот,
се милува и гали,
се впива во крвта,
се вдишува како воздухот.

Како се љуби една жена,
сега ќе ви кажам.
Таа треба да се почувствува во мислите,
во зениците и во рацете.
Треба да ѝ се испее најубавата песна на светот,
да ѝ се покаже најубавата слика на светот,
да ѝ се даде и последниот свој здив.
Тогаш ќе ѝ се затресат нозете,

ќе видите сјај во нејзините очи,
ќе ви заспие на градите,
тогаш ќе бидете едно
и ќе мислите дека тоа може да трае засекогаш.

Ете, така се љуби една жена.

## ТВОЕТО МЕКО МЕВЦЕ

Да беше до мене, одамна ќе бев сит
од твоето кревко мевце,
од образите, од грлцето и од стомачето.
Сепак, и сега и вака
успевам да ти скубнам од косичката,
да ти гризнам од ноктето
и да ти го надушкам грлцето,
нежно и меко.

Тоа грлце ме ожеднува,
тоа лице ме угрејува,
а само како би сакал да те каснам по бедрата.

Или да ти јадам од рачињата.

## ЈА НЕМА

Мојата љубов, ја нема веќе.
Ја извалкав,
ѝ ја затнав устата со кал,
ѝ ја искорнав косата,
ја изгазив
и на крајот, ја фрлив.

Нема повеќе сино небо,
долу на земјата,
лежат осакатени остатоци
на едно далечно минато.
А сѐ уште ја живеам
таа смрдлива историја.
Сѐ уште ја чувствувам на јазикот.

Реков, збогум,
а мислев довидување.
Нема да запловат бродовите повторно,
останаа закотвени.
Распарталени.

А некој ми рече:
најубавите песни се пишуваат
кога се разделуваш,
кога љубовта ти бега.

## ЦИКЛУС

Земи ја плетилката,
зашиј ја скутината,
фрли поглед кон пондилата,
завали го огнот,
направи го мазникот,
чекаат жетварите.

Слушни ги штрковите, појди на чешма,
свикај по децата, време за ручек е.

Мирисни го сеното,
зграпчи ги уздите,
поплачи малку од болка - ако: ќе ти помине;
измиј го лицето со ладна вода,
истриј ги рацете со сувиот песок,
загризи убаво, плукни настрана,
денот е јасен, а сонцето пекнало.

Пробај да ги слушнеш гајдите, зурлите,
јагнето тропа на порти.

Еј, до каде сме,
каде дојдовме,
што стана,
што се случи со лебот наш насушен,
каде се овчарите...

С’ржи, опцуј, зграпчи,
силно, цврсто, јако,
викни, гласно, грмогласно,
застани, стој, карпа,
запеј, песна, оро,
дома си, тука си - твое е, го имаш,
не го губи напразно,
не сеј отрови - во своите дворови.

## СЕ ЖИВЕЕ, ПРИЈАТЕЛЕ

Помеѓу небото и водата
црна земја, црни карпи.
Угоре бескрајот, удолу бескрајот.

Бескрајно езеро,
бескрајно време.

Тивко,
со по некоја секавица на планините
доаѓа ноќта.
Ведри соништа
во бурни времиња.
Животот е секаде тој, истиот,
се живее...

**Звонко Танески**

## РАСТАЈНУВАЊЕ НА ПОЕТСКИОТ БАРУТЕН АРСЕНАЛ

Да се пишува критички осврт за една „барутна поезија“ значи наедно дека и критичарското орудие треба да си обезбеди доволно барут при следењето на понудените поетски експлозии за кои последователно треба и да испука неколку драгоцени истрели. Потписникот на таа поезија, Славчо Ковилоски (1978), е веќе познат во македонското културно милје како исклучително плоден и сестран книжевник од помладата генерација автори. Неговото име резонира не само во доменот на поезијата, туку и во прозата, драмата, книжевната историја и наука, а за пошироката јавност е препознатлив и по бројните освоени награди, како и по редакторската функција во најстарото македонско списание за литература, култура и уметност *Современост* од Скопје. Во ареалот на поетските созвучја, Ковилоски досега се осведочи како зрел поет, имено, преку поетските збирки *Сонцето повторно ќе изгрее, Поезија во движење* и *Барутна поезија*. За последната од нив ја освои и познатата награда „Јован Котески“ за 2015 година, а стихозбирката потоа благовремено се објави како издание на Културниот центар „Бран“ и на Ревијата за книжевност *Бранувања* од Струга. Сето

ова претставува навистина доволна причина за растајнување на поетскиот барутен арсенал на наведениот поетски ракопис, кој заслужува внимателно да се разгледа од повеќе читателски агли. Со оглед на тоа што иницијален повод за овој текст е, всушност, публикувањето на ова второ издание на *Барутната поезија*, кое го сметаме за добредојдено од повеќе причини, ќе се обидеме накусо да ја презентираме во оваа прилика само нашата примарна призма на гледање и на разобличување на поетските пораки сокриени во наталожените пластови на делото.

Оваа стихозбирка заслужува да дојде до поширок круг читатели бидејќи согласни сме, меѓу другото, и со ставот дека поетот „храбро и отворено, со историска ретроспектива, но и со модерна и игрива вивисекција и интроспекција – направил редок и успешен спој меѓу историчноста и современоста“ (од образложението на жирито за наградата „Јован Котески“). Поетскава стихозбирка како целина се состои од три циклуси: „Барутни песни“, „Компјутерски песни“ и „Пепелни песни“. Контрастот како принцип во неа е еден од композициските доминанти на поетскиот дискурс во кој се преплетуваат и меѓусебно се дополнуваат сериозното и субверзивното, ниското и високото, сатиричното и пародичното, кои овде се неразделни и хомонимиски сплотени и благодарение на единствениот и надредениот лирски субјект, кој често пати црпи појдовна инспирација и е значенски исполнет, па дури и набрекнат, од походите на ро-

мантичниот, декадентниот или модернистичкиот лирски јунак.

Ковилоски небаре си дал задача со нагласен тон, со однапред избрани мотивски јадра, параболично и смело да проговори за она што нѐ опкружувало и нѐ опкружува како поетски императив и порано и сега. Неговата провокативност лежи, пред сѐ, во тоа што сите феномени подложени под визурата на неговиот поетски субјект како да ја отсликуваат на еден посебен начин речиси безидејната ситуација во денешното македонско општество која треба да се разгледува во тесна поврзаност и со ситуацијата во книжевниот живот и во културата воопшто, бидејќи самата нејзина внатрешна карактеристика – поетиката, вредноста, смислата и идентитетот – без поврзаноста со неа може да се рефлектира исклучиво во ограничен обем. Затоа, во поетската актива на Ковилоски и во неговиот поетски свет се вешто вклопени и затскриените интерпретации за разлабавеноста и за плуралноста на нормите, за разрушувањето и за губењето на хиерархијата во (до неодамна) востановените системи, за комодификацијата на поновата „уметничка“ продукција, за позиционирањето во пресрет и во интерес на масовната култура, за редефинирањето на некои постари и фолклорни стихувани матрици, за проблематизирањето на идентитетите, за медијализацијата или за радикалните промени во текот и во насоченоста на обемот на информации, кои секојдневно мора да ги прецвакуваме и, за жал, и да ги голтаме. Поткрепа за

ваквото гледиште може прилично лесно да се најде низ многу песни на *Барутната поезија* од сите три циклуси што таа ги содржи.

Оваа поезија на Славчо Ковилоски со недвосмислено ирониски поттон, сака уште можеби неосетно, но затоа, пак, сигурно прогресивно да ги помести и во извесна мерка и да ги надмине стереотипните и конвенционализираните постапки во главните струења во нашата поезија од крајот на дваесеттиот век и од почетокот на дваесет и првиот век. Ама делумно и парадоксално – песните во стихозбирката *Барутна поезија* од Славчо Ковилоски не претендираат да бидат ниту експериментални ниту деконструктивни, иако во себе го одразуваат како во огледало и духот на резигнација на општественото, политичкото и културното живеење денес, каде што скоро сè е веќе искажано и видено, каде што пропаднаа многу претстави и идеали и каде што не останаа никакви прецизни слики на реалното и на виртуелното во надворешниот, но сè поалармантно и во внатрешниот свет; никакви класични ретровизори, туку само трикови со нив и конзумирањето на различните постмодерни лавиринти што се распослани меѓу ентропијата и визијата како надеж за натамошна борба за опстојување. Ако во борбата извојуваме победа, тогаш од неа подоцна и ќе треба да ја извлечеме подлогата за настанувањето, т.е. за раѓањето на новиот „возвишен“ поетски пев.

Во таа смисла, оваа нова стихозбирка на С. Ковилоски треба да се сфати како прекрасен ба-

ланс на границата – повеќето од песните, бездруго, и не можеме да ги вреднуваме како суштински егземплари кои со најголема уверливост го преминуваат кружниот тек околу фрустрацијата на денешните индивидуи и тоа од празниот центар на смислата до нескриените потенцијали што го определуваат неговото битие. Од тие причини, оваа *Барутна поезија* на Ковилоски предупредува и нѐ тера да размислиме и за исцрпеноста на поголемиот број познати поетички постапки и платформи, преферирани на различни нивоа, пермутирани и модифицирани во конклузивноста на текстовите што катаден ги држиме во рацете. Ковилоски, сетне, одлично ја сузбива и напнатоста меѓу хетерогеноста на дискурсите и стилските модели во конкретните циклуси. Тој со нивното заемно здружување и опитно ги збогатува, а благодарение на неговиот авторски немир, кој ја досоздава сета таа хармонија, не е возможно во контекстот на најновата современа македонска поезија ова негово поетско дело да се прими поинаку – освен позитивно и афирмативно.

СОДРЖИНА на *БАРУТНА ПОЕЗИЈА*:

*Барутни песни* - *3*

Луѓе со пушки - 5
Дрвени војници - 6
Граница - 7
Крст - 8
За една смрт - 9
Нема веќе партизански песни - 10
Ова е тоа - 11
Само Господ може да ми суди - 12
Прашинки во ветрот - 13
Пат - 15
Истории - 16
Барут - 17
Печурки - 18
Крив - 19
Предизвик III - 20

*Компјутерски песни* - *21*

Мојот живот - 23
Дежа-ву - 25
Лоши времиња - 26
Конески - 27
Чудовиште - 28
Џемот од баба ти - 29
Пчеличка - 30
Детска песна - 31
Песна за Крале Марко - 32

Ми ти се кунемо - 33
Кучкин син - 34
Како порано - 35
Странец - 36
Друга детска песна - 37
Би сакал еден ден... - 38

*Пепелни песни - 39*

Стареам, мило - 41
Кога птиците пееја - 42
Бело лето - 43
Припек - 44
Знаци од небото - 45
Рај - 46
Десет животи - 47
Втор разговор со госпоѓица Н.А. - 48
Диво куче - 49
О, мила и о, миличок - 50
Како се љуби една жена - 51
Твоето меко мевце - 53
Ја нема - 54
Циклус - 56
Се живее, пријателе - 57

Звонко Танески
РАСТАЈНУВАЊЕ НА ПОЕТСКИОТ
БАРУТЕН АРСЕНАЛ - 58